# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## на Општина Кавадарци



| Број 50 | 19.04.2024 година |
|---|---|



СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на Договор за послуга на недвижен имот | 2 |
| Одлука за давање согласност за склучување на Договор за послуга на недвижен имот | 2 |
| Исправка на Одлуката за разрешување на Претседател на Фондација за социјаллна, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци | 5 |
| Исправка на Одлука за именување ликвидатор на Фондација за социјална, здравствена и културна поддршка на граѓаните на Општина Кавадарци „Кавадаречка фондација„-во ликвидација | 6 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на Договор за послуга на недвижен имот**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на Договор за послуга на недвижен имот, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 18.04.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2961/1**
**19.04.2024 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19и 64/20, 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 11-тата Вонредна седница одржана на ден 19.04.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за давање согласност за склучување на Договор за послуга на недвижен имот**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци дава согласност за склучување на Договор за послуга на недвижен имот.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, да го склучи следниот,

**Договор за послуга на недвижен имот**

Склучен на ден 19.04.2024 година, во Кавадарци помеѓу:

1.ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Квадарци, со седиште Плоштад „Маршал Тито„ бб, со ЕМБС 5995965 и ЕДБ МК: 4011004124215, претставувано од Градоначалник д-р Митко Јанчев од Кавадарци, од една страна на овој договор како послугодавач, (во понатамошен текст: послугодавач) и

2.Акционерско друштво ГРАДСКИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ ТИКВЕШ 1930 АД Кавадарци, со седиште на ул.„Дисанска„ бр.2, со ЕМБС 7518293 и ЕДБ МК: 4011021519770, претставувано од Извршен директор Миле Масларков од Кавадарци од друга страна на овој договор како послугопримач, (во понатамошен текст: послугопримач).

**Член 1**

Послугодавачот е сопственик на следниот недвижен имот:

-КП.бр.6771, дел.--, во м.в.ПАРКОТ, катастарска култура гиз, во површина од 17.543 м$^2$;

-КП.бр.6771, дел --, во м.в.ПАРКОТ, катастарска култура гз зпз 1, во површина од 190 м$^2$

-КП.бр.6771, дел.0, во м.в.ПАРКОТ, број на зграда 1, намена на зграда Д3-13, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен дел ДПД, во површина од 141 м$^2$;

-КП.бр.6771, дел.0, во м.в.ПАРКОТ, број на зграда 1, намена на зграда Д3-13, влез 2, кат К1, број 2, намена на посебен дел ДПД, во површина од 47 м$^2$;

-КП.бр.6773, дел.2, во м.в.ПАРКОТ, број на зграда 1, намена на зграда Д3-13, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел ДПД, во површина од 164 м$^2$;

-КП.бр.6773, дел.2, во м.в.ПАРКОТ, број на зграда 1, намена на зграда Д3-13, влез 2, кат ПР, намена на посебен дел П, во површина од 25 м$^2$.

Недвижниот имот е евидентиран во Имотен лист бр.4651 за КО КАВАДАРЦИ - ВОНГРАД, издаден од Агенцијата за катастар на недвижности, Одделение за катастар на недвижности Кавадарци под бр.1105-4859/2024 година од 19.04.2024 година.

**Член 2**

Со овој договор послугодавачот му го дава на послуга недвижниот имот опишан во член 1, заради обавување на својата дејност, натпреварување во прва македонска фудбалска лига, а послугопрмачот го прима недвижниот имот и се обврзува дека истиот ќе го користи со внимание на добар домаќин и стопанственик.

**Член 3**

На денот на потпишувањето на овој договор, недвижниот имот е предаден на послугопримачот, при што послугопримачот е должен да го врати во иста состојба.

**Член 4**

Овој договор важи за период од 10 години од моментот на склучување на истиот .

**Член 5**

Сите трошоци за составувањето и заверувањето на овој договор ги сноси послугопримачот.

**Член 6**

Во случај на спор по одредбите на овој договор, најпрво истиот ќе се реши спогодбено, но доколку тоа не евозможно надлежен е Основниот суд во Кавадарци.

**Член 7**

Овој договор е составен во 3 (три примероци) од кои по еден за странките, а останатите за службени потреби.

| | |
|---|---|
| **ПОСЛУГОДАВАЧ,** | **ПОСЛУГОПРИМАЧ,** |
| ___________________ | |
| /ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ/ | /ЗА ГФК ТИКВЕШ 1930 АД Кавадарци/ |

/Градоначалник д-р Митко Јанчев Извршен директор Миле Масларков/

.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2959/1**
**19.04.2024 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

**Општина** : Совет на Општина Кавадарци
**Тип** : Исправка

**Наслов** : Одлука за разрешување на Претседател на Фондација за социјаллна, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци со арх.бр.08-2791/33 од 18.04.2024 („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр..49/24 година).

**Текст :** По извршеното срамнување на изворниот текст на Одлука за разрешување на Претседател на Фондација за социјаллна, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци со арх.бр.08-2791/33 од 18.04.2024 („Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр..49/24 година), утврдено е дека во текстот на Одлуката е направена техничка грешка поради што Комисијата за статут и прописи согласно член 92 од Статутот на Општина Кавадарци ја дава следната ,

И С П Р А В К А

Во Одлуката за разрешување на Претседател на Фондација за социјаллна, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци со арх.бр.08-2791/33 од 18.04.2024 година („Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр..49/24 година)

Во член 1,

- текстот „Мара Мартиновска од Кавадарци, ул.„ Булевар Македонија„ бр.34/1-3 со ЕМБГ 0110955488008 и бр. на лична карта МО555806 издадена од МВР Кавадарци„ **се менува и гласи** „
„ Димитрова Виолетка од Кавадарци, ул.„ Блажо Тодоровски„ бр.9 , со ЕМБГ 2009961495002 и бр. на лична карта МО423912 издадена од МВР Кавадарци„

Бр.08-2979/3
19.04.2024 година

Комисија за Статут и прописи
Претседател
Филип Тасев

**Општина** : Совет на Општина Кавадарци
**Тип** : Исправка

**Наслов** : Одлука за именување ликвидатор на Фондација за социјална, здравствена и културна поддршка на граѓаните на Општина Кавадарци „Кавадаречка фондација„-во ликвидација со арх.бр.08-2791/34 од 18.04.2024 година („Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр..49/24 година)

**Текст** : По извршеното срамнување на изворниот текст на Одлука за именување ликвидатор на Фондација за социјална, здравствена и културна поддршка на граѓаните на Општина Кавадарци „Кавадаречка фондација„-во ликвидација со арх.бр.08-2791/34 од 18.04.2024 година („Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр..49/24 година), утврдено е дека во текстот на Одлуката е направена техничка грешка поради што Комисијата за статут и прописи согласно член 92 од Статутот на Општина Кавадарци ја дава следната
,

И С П Р А В К А

Во Одлуката за именување ликвидатор на Фондација за социјална, здравствена и културна поддршка на граѓаните на Општина Кавадарци „Кавадаречка фондација„-во ликвидација со арх.бр.08-2791/34 од 18.04.2024 година („Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр..49/24 година)

Во член 1,

- текстот „ Мара Мартиновска од Кавадарци, ул.„ Булевар Македонија„ бр.34/1-3 со ЕМБГ 0110955488008 и бр. на лична карта МО555806 издадена од МВР Кавадарци„ **се менува и гласи** „ “,

„ Димитрова Виолетка од Кавадарци, ул.„ Блажо Тодоровски„ бр.9, со ЕМБГ 2009961495002 и бр. на лична карта МО423912 издадена од МВР Кавадарци„.

Бр.08-2979/4
19.04.2024 година

Комисија за Статут и прописи
Претседател
Филип Тасев